**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија врз основа на член 36 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр.150/07, 100/11 и 42/20),објавува

# О Г Л А С
**за избор на**

I

Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје

II

Еден јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Битола

III

Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Охрид
Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Дебар
Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево
Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Радовиш
Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кочани

IV

Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Крива Паланка
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кочани

V

Сите кандидати за избор на јавни обвинители освен условите предвидени во член 61, член 62 од Законот за Јавното обвинителство (Сл.весник на РСМ бр. 150/07,100/11, и 42/20), потребно е како посебен услов да исполнуваат:

1. За Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство, може да биде избрано лице кое има непрекинат работен стаж од најмалку осум години како јавен обвинител до моментот на пријавување за именување и кој е со позитивна оценка во последните четири години.
2. Кандидатите за избор на јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство, потребно е како посебен услов да имаат работно искуство од најмалку шест години до моментот на пријавување за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните четири години.
3. Кандидатите за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство потребно е како посебен услов да имаат непрекинат работен стаж од најмалку шест години како јавен обвинител до моментот на пријавување за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните две години
4. За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство може да биде избрано лице кое има завршено обука утврдена со Законот за Академија за сидии и јавни обвинители.

Заинтересираните кандидати пријавите заедно со потребната документација, во оригинал или заверена фотокопија на нотар, уверение за државјанство на Република Северна Македонија, уверение за деловна способност (двете да не се постари од шест месеци од денот на нивното издавање), доказ за работен стаж, диплома или уверение за завршен Правен факултет и потврда за положен правосуден испит во оригинал или заверено на нотар, да ги достават до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на Бул. "Крсте Петков Мисирков"бр.1, 3 спрат во рок од 15 дена од објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Приемот на документи е секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот
Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Бр. 08-49/1
Скопје, 21.04.2026 година

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Башким Бесими**